**Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје**
**објавува**

# КОНКУРС

За мобилност на студентите заради студиски престој
во зимскиот семестар, летниот семестар или во текот на целата академска 2016/2017 година
во рамките на програмата Еразмус плус

## А. Општи услови на Конкурсот

Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје објавува Конкурс за избор на студенти на кои ќе им биде доделена финансиска поддршка за студиски престој во странски високообразовни установи во зимскиот семестар, летниот семестар или во текот на целата академска 2016/2017 година.

На Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на 22. октомври, 2015 година му е доделен *Erasmus Charter for Higher Education* (270622-EPP-1-2016-1-MK-EPPKA3-ECHE), со што е овозможено учество во програмата Еразмус+ во временски период од 2016 до 2020 година).

Финансиската поддршка која Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје ќе ја додели за мобилност на студентите зависи од расположливите средства. Студентите кои ќе се пријават на Конкурс и ќе ги задоволат сите услови на Конкурсот, а нема да влезат во кругот на стипендирани студенти, ќе можат да остварат размена на сопствен трошок.

Еразмус Плус им овозможува на студентите дел од своите студентски обврски на било кој циклус на студии наместо на матичната да ги извршат во странска установа со која Универзитетот за туризам и менаџмент има потпишан Договор за соработка. (Списокот на партнерски високообразовни уставнови е објавен на веб страницата на Универзитетот).

Најмалиот временски период за студентска мобилност е 3 месеци, а најдолгиот 12 месеци.

Доколку е финансиски остварливо, студискиот престој на студентите кои ќе се пријават на овој конкурс може да биде дополнително продолжен со договор помеѓу Универзитетот и странската високообразовна установа до вкупно траење од 12 месеци, а под следните услови:

- Договорот за продолжување на мобилноста мора да биде склучен пред завршувањето на договореното траење на мобилноста
- Продолжување на траењето на мобилноста е можно само доколку нема прекини
- Продолжување на мобилноста не може да трае подолго од 30.ноември, 2017 година
- Критериумите за доделување на финансиска поддршка за продолжување на мобилноста и во летниот семестар ќе биде иста како и критериумите за избор на студенти со овој Конкурс.

Во странските високообразовни установи, на студентите нема да им биде наплатувана школарина. Студентите остануваат запишани во својата матична установа за времетраењето на мобилноста и се должни да ги исполнуваат своите финансики обвврски кон истата и додека се на мобилност во странство.

Пред заминување во странска високообразовна установа, студентот мора да договори признавање на ЕКТС во договор со деканот на Факултетот и Еразмус координаторите на Универзитетот. Обврските на студентите се дефинираат со склучување на Договор за учење (*Learning Agreement for Studies*). Со склучувањето на Договорот се гарантира признавањето на ЕКТС кредитите стекнати за време на мобилноста во станство, како и периодот поминат во високообразовната установа.

Студентот мора да запише најмалку 20 ЕКТС кредити во странската институција и да оствари најмалку 15 ЕКТС кредити во еден семестар. Студентот го потврдува исполнувањето на обврските на странската институција со препис на оцени од таа институција.

На конкурсот можат да се пријават студенти од сите години и циклуси на студирање, под услов студентот во време на предвидената мобилност да е запишан во втора година на додипломски или постдидпломски студии.

Студентите кои во моментот на пријава на овој Конкурс студираат на завршна година на додипломски студии, а се пријавуваат за реализација на студиски престој за прва година на постдипломски студии, можат да се пријават на мобилност само во летниот семестар.

Вонредните студенти можат да се пријават на Конкурсот и да користат финансиска поддршка под услов ако за времетраењето на мобилноста ги исполнуваат студенските обврски како редовни студенти во странската високообразовна установа.

Студентот може да добие Еразмус финансиска поддршка за мобилност во вкупно траење од 12 месеци за двата циклуси на студирање: додипломски и постдипломски, независно од бројот и видот на мобилноста (за студиски престој или стручна пракса).

Детапни информации за Еразмус програмите можат да се најдат на веб страната на Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност (www.na.org.mk) или во рубриката Департман за Меѓународна соработка на веб страната на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (http://www.utms.edu.mk/item/155-departman-za-megjunarodna-sorabotka) .

**Рокот за пријава е до: 27.јуни, 2016 година.**

## Б. Услови за остварување право на финансиска поддршка

1. Студентот мора да има задоволително ниво на знаење на странскиот јазик на кој се одржува наставата во странската високообразовна установа;
2. Студентот мора да биде упишан најмалку во втора година додипломски студии на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје за време на реализација на мобилноста;

## В. Критериуми за избор на кандидатите

1. Потполно и целосно потполнета пријава, достава на целосна документација која се бара со Конкурсот;
2. Академски успех;
3. Познавање на јазикот на кој ќе се одржи наставата;

## Г. Постапка за избор на кандидати

Постапката за избор се одвива во два круга:

1. круг: административна проверка на кандидатите
2. круг – избор на кандидати за мобилност од страна на Комисија за избор на кандидати

## Д. Објавување на резултати од Конкурсот

Конечните резултати од Конкурсот и одлука за прифатените студенти, ќе се објави на веб страната на Универзитетот (www.utms.edu.mk).
Сите кандидати ќе бидат информирани за Конкурсот по пат на електронска пошта.

Со Пријавата на Конкурсот кандидатите се согласуваат нивното име да се објави на списокот на избрани/одбиени кандидати или на листата на чекање.

## Ѓ. Финансиска поддршка

Месечниот износ на финансиската поддршка во академската 2016/2017 година зависи од земјата на мобилност (во прилог – табела).
.

| | |
|---|---|
| ГРУПА 1<br>Програмски земји со високи животни трошоци: Австија, Данска, Финска, Франција, Ирска, Италија, Лихтенштајн, Норвешка, Шведска, Обединетото Кралство | 500 |
| ГРУПА 2<br>Програмски земји со средни животни трошоци: Белгија, Хрватска, Чешка, Кипар, Германија, Исланд, Луксембург, Холандија, Португалија, Словенија, Шпанија, Турција | 500 |
| ГРУПА 3<br>Програмски земји со ниски животни трошоци:<br>Бугарија, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Романија, Словачка, Македонија | 450 |

Студентите не можат да добијат финансиска поддршка во рамки на Еразмус доколку нивниот престој во странство не е дополнително финансиран од средства кои произлегуваат од ЕУ. Под двоструко финансирање не се сметаат националните стипендии кои се доделуваат на студентите ниту средствата кои Универзитетот односно неговите единици ги издвојуваат како финансиска поддршка за студентите.

Студентите со инвалидитет имаат право на повисок износ на месечна финансиска поддршка заради можните зголемени трошоци на мобилноста. Студентите кои ќе бидат избрани на Конкурсот, а кои во рамките на конкурсната документација ќе доставаат пополнет образец на пријава на лице со посебни потреби/инвалидитет, Универзитетот доплнително ќе ги извести за постапката за пребарување на дополнителни средства од Националната Агенција, како и за дополнителната документација која е потребно да биде доставена заради одобрување на дополнителни средства.

Студентите со низок социоекономски статус имаат можност од буџетот за високо образование (Еразмус) да добијат дополнителни финансиски средства за заминување на мобилност. Подетални информации за оваа можност може да се добијат во Канцеларијата за Еразмус на Универзитетот.

## Е. Постапка за пријава

Студентите кои се пријавуваат на конкурсот, документите ги доставуваат лично или преку пошта во Департманот за меѓународна соработка, на следната адреса:
Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје
Депарман за меѓународна соработа
Бул. „Партизански одреди“ бр. 99
1000 Скопје, Р. Македонија

Рокот за пријава е понеделник, 20.јуни,2016
Непотполните и ненавремени пријави нема да бидат земени на разгледување.

## Ж. Документација за пријавување

Задолжителни документи

- Пополнет образец за пријава
- Изјава за студенти (испечатена и потпишана);
- Образец за потврда на статусот на студентот (потпишан и заверен од страна на Универзитетот)
- Препис на оцени од сите положени испити (издаден од страна на Универзитетот)
- Мотивационо писмо
- Две препораки од професор/асистент
- Копија од лична карта или пасош

Незадолжителни документи:

- Потврда за познавање на странски јазик на кој ќе се одвива наставата (доколку студентот поседува таква потврда)

## 3. Останато

Секој кандидат пред пријавата на Конкурсот е должен да контактира со еден од Еразмус координаторите на Универзитетот и да го запознае со пријавата.

Избраните кандидати се должни пред заминување и по враќање од странската високошколска установа да се придржуваат на пропишаните процедури (за кои ќе биде информиран) и на Универзитетот да му ја достави потребната документација.

Со пријавувањето на Конкурсот, кандидате се согласни нивното име да се објави на списокот на избрани/одбиени кандидати или на листата за чекање.

## S. Контакт лица за дополнителни информации

**Еразмус координатори:**
**Проф. д-р Јулијана Ангеловска, j.angelovska@utms.edu.mk**
**Доц. д-р Јана Илиева, j.ilieva@utms.edu.mk**
**Доц. д-р Александар Даштевски, a.dashtevski@utms.edu.mk**
**Асс. м-р Гордана Серафимовиќ, g.serafimovic@utms.edu.mk**
**Стефан Ристовски, s.ristovski@utms.edu.mk**